# ПРВ СКОПСКИ
# ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## 2023

БОЈАН ЃОШЕВ

# Содржина на документот


1.Историја и вовед ..... 3

1.1. Кратка историја на извидништвото ..... 3

1.2. За нас ..... 4

1.3. Мисија и цел ..... 4

1.4. Завет и Извиднички закони ..... 4

2. Преглед на активностите во 2022 година ..... 5

2.1. Еднодневни активности организирани од ПСИО ..... 5

2.2. Повеќедневни настани организирани од ПСИО ..... 9

2.3 Меѓународни активности посетени од ПСИО ..... 11

2.4 Национални активности посетени од ПСИО ..... 13

3. Новости во ПСИО ..... 17

4. ПСИО во Медиумите ..... 18

5. Структура и Волонтери во ПСИО ..... 20

# 1.Историја и вовед

## 1.1. Кратка историја на извидништвото

Основачот на Светската Организација на Скаутското Движење (WOSM) е лорд Роберт Стивенсон – Смит Баден Пауел од Гилвел – БП, роден на 22.02.1857 година во Лондон –Англија, (како шесто дете од вкупно десет деца). Останал без татко кога имал само 3години.Првото образование го добил од својата мајка а подоцна го посетувал училиштето Rose Hill School. Таму добива стипендија и образованието го продолжува (на 13 годишна возраст) во колеџот Чартрхаус. Според крајните резултати БП немал високи оценки во училиштето. Неколку години по завршување на колеџот БП пристапува во армијата каде што го примаат во конкуренција од 700 кандидати. По завршување на академијата во 1876 година на 19годишна возраст, го испраќаат како поручник во Индија. Таму тој останува цели 10 години каде што развива свои вештини да набљудува, да се крие, да живее под отворено небо, да се грижи сам за себе. Подоцна заминува во Јужна Африка, од 1899-1901 година само со илјада војници под своја команда каде БП успешно ја води одбраната на градот Меифкинг. Градот е ослободен по пристигнувањето на воената помош, а БП епрогласен на национален херој. На 42 годишна возраст унапреден е во генерал-мајор. Ја организира полицијата во чиј состав влегуваат луѓе кои се способни да се движат по траги, да прават скици на места и објекти, да набљудуваат, да забележуваат и да работат со чувство на одговорност.



Врз основа на стекнатото искуство ја напишал својата прва книга „Помош за извидништво“ (AIDS TO SKAUTING).Пишувал и за тамошните деца кои му помагале за пренесување пораки, давајќи прва помош на ранетите и на многу слични начини. Во тоа ја препознал желбата на момчињата да направат нешто корисно, активно да придонесат за својата земја и за нивната желба за авантура. Следниот чекор го направил на 29 Јули 1907 година со 22 (дваесет и две) момчиња- синови на свои пријатели и деца од квартот каде живеел, БП оди на кампување на островот Браунси во заливот Пуул кај Дерсет-Јужна Англија. Тој е првиот скаутски камп,кој било предвидено да трае 7 дена но продолжил и траел 10 дена, затоа што момчињата не сакале да се вратат дома. Целта на кампот била момчињата да зајакнат физички и да се научат да помагаат на другите, како да се прехранат во природа, сами да бараат и да откриваат. Ги поделил во четири патроли: Бикови, Гаврани, Овни и Волци. Импресиониран од воодушевувањето на децата кои биле во кампот сето тоа го публикувал по една година(1908) во книгата „Извидништво за момчиња“(SCOUTING FOR BOYS). Во 1929 година зазаслугите што ги имал за младите во светот воопшто, од Британската круна ја добива титулата барон и станува познат како Лорд Баден Пауел од Гилвел. Неговата сопруга во 1930 година е избрана за претседателка на Светското женско скаутско движење. Двајцата биле родени на ист датум 22.02 и по тој повод од 1926 година овој датум се прославува како Светски ден на извидниците, познат под името ден на Баден Пауел односно Thinking Day.Тој се разделува од движењето во 1937 година за време на Светското Џамбори во Холандија пред 28 000 илјади извидници од целиот свет. Заминува во градот Ниери, Кенија каде умира на 08 Јануари 1941 год. а, последните зборови му биле БИДИ ПОДГОТВЕН (термин кој станал поздрав на извидниците).

## 1.2. За нас

Прв Скопски Извиднички Одред (ПСИО), уште познат како ИО Маршал Тито, е најстариот извиднички одред во Република Македонија. Формиран е есента1952 година, за подоцна во 1953година да се регистрира во Сојуз на Извидници на Македонија (СИМ). Во текот на годините ПСИО го има променето своето име во чест на некогашниот претседател на тогашна СФР Југославија Маршал Јосип Броз Тито, но по осамостојувањето на Република Македонија извидничкиот одредот го враќа примарното име во Прв Скопски Извиднички Одред.ПСИО е дефиниран како невладина организација, самостојна, неполитичка, непрофитна, доброволна и воспитна организација за деца и млади, отворена за сите без оглед на националната или верската припадност. ПСИО е дел од Светското извидничко движење (WOSM) и како таков опстојува и се темели на основните вредности на Извидништвото.Во нашето извидничко друштво, членуваат преку 120 активни извидници кои се категоризирани во повеќе возрасни групи. Извидниците од 7 до 10 години се во група на јато и се нарекуваат развигорци, од 11 до 14 години тие влегуваат во патрола и се нарекуваат помлади извидници, од 15 до 21 година формираат младински клуб на извидници и се нарекуваат истражувачи и над 21 година извидниците се нарекуваат ровери. Во ПСИО извидниците се распределени во јата, патроли, клуба на средношколци и 1 клуб на ровери кои се водени од свои водачи, волонтери.

## 1.3. Мисија и цел

Мисијата на извидничкото движење е да се придонесе во образованието на младите, преку систем на вредности врз основа на извидничиот Завет и Закони, да помогнат да се изгради еден подобар свет, каде што луѓето се самоисполнети како индивидуи и имаат конструктивна улога во општеството. Ова се постигнува со вклучување на младите во неформалниот образовен процес преку користење на специфичниот извиднички метод што го прави секој поединец главен агент во неговиот или нејзиниот развој. Мисијата е усвоена на Светската Извиднички конференција во Дурбан, Јужна Африка во 1999 година.Целта на ПСИО е да влијае врз физичкиот, афективен, креативен и социјален развој на децата и младите преку извидничкиот метод кој се темели врз завет и закони, учење преку работа, личен развој, работа во мали групи, поддршка од возрасните, симболичка рамка и сето ова преку следење на основните извиднички принципи:

1.Обврска кон себе
2.Обврска кон другите
3.Обврска кон духовниот развој

## 1.4. Завет и Извиднички закони

Завет

„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

Развигорски закони:

1.Развигорецот е добар пријател, храбар и чесен;
2.Развигорецот ги почитува своите родители и постарите;
3.Развигорецот добро учи, вреден е и несебичен.

Извиднички закони:

1.На извидникот му е чест да му веруваат
2.Извидникот е корисен
3.Извидникот е добар другар
4.Извидникот е учтив
5.Извидникот е оптимист
6.Извидникот е верен и одговорен
7.Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8.Извидникот ја цени природата
9.Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10.Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

## 2. Преглед на активностите во 2022 година

ПСИО во 2022 година зема активно учество, како и реализација на многу активности, чија цел беше промоција на извидниците како дел од општеството кое се грижи и создава здрава околина за граѓаните, едукација на децата и младите, како на локално, така и на национално ниво, младинска застапеност, стекнување на нови вештини и создавање подобар свет.

### 2.1. Еднодневни активности организирани од ПСИО

1. Завет 2023

За време на нашиот зимски камп, на На 13 јануари '23 свечено 10 извидници дадоа извиднички Завет. Филип, Миха, Исидора, Давид, Матеј, Ника, Јане, Искра, Дарија и Евгенија добредојдовте во фамилија ПСИОвски како и дел од најголемото светско младинско движење со повеќе од 60 милиони деца и млади во повеќе од 170 земји ширум светот. Преку кажување на Заветот и фрлање дрвце со своето име во огинот, тие дадоа чесен извиднички збор дека ќе живеат и работат по извидничките закони и конечно, заслужено ја ставија на врат сино-бордата ПСИОвска марама. Завет на извидничкото движење во Република Северна Македонија„Давам чесен збор, дека ќе ја запознаам и сакам својата татковина, дека ќе ја прифатам духовната реалност и ќе го барам нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагам на луѓето, дека ќе живеам и работам по извидничките закони“.

2. Одбележување на Светскиот ден на извидниците

По повод 22ри февруари, Денот на извидниците, извидниците и извидничките одреди реализираа активности на локално и национално ниво под мотото "Направи добро дело".

Истото се состоеше од:

- крводарителски акции

- социјална помош за лица кои им е најпотребно

- интеграција на деца со помалку можности

- собирање донации

- згрижување на улични животни

3. Добро дело – Јато Лалиња 13.02.2023

Јатото Лалиња беа во посета на Happy shelter каде што донираа храна и ги хранеа животните.

4. Добро дело – Јато Фикуси 18.02.2022

Јатото Фикуси се искачија до Средно Водно и го собраа отпадот од несовесните „љубители“ на природата – ДА по главниот пат. Сепак од големото искуство на вакви акции за почиста животна средина убаво беше да се забележи помалку ѓубре од вообичаено.

5. Добро дело – Патрола Леопарди

По повод Светскиот ден на извидниците - 22ри февруари, патрола Леопарди направија добро дело- сендвичи и се прошетаат низ центарот на Скопје и им поделија на сите бездомни лица кои ги сретнаа.

6. Добро дело – Патрола Панди и Јато Трски

Патролата Панди заедно со јатата Лотуси и Детелинки, беа во посета на зоолошката градина каде што на хамер имаа испринтано клучни пораки за посетителите како: Хранењето на животните е строго забрането, Не ги вознемирувајте животните, Не фрлајте ѓубре, чувајте ја животната средина. Сите беа распределени на неколку места, на реони кој се најефективни и се прават најмногу проблеми.

7. Добро дело – Јато Кокичиња

Јатото Фикуси по повод Светскиот ден на извидниците изработува мартинки.Целта на ова добро дело беше како со мало внимание може да се предизвика насмевка на случајни минувачи.

8. Едукативна музичка работилница „ФЛОУ“

На 13.05.2023 со почеток во 12:00ч , во Младински Центар „Матично“ - Скопје (Градски Парк), авторот Борис Цветановски (пејач и текстописец) во соработка со Првиот Скопски Извиднички Одред, одржа едукативна музичка работилница насловена “ФЛОУ” На работилницита се прикажа начинот на снимање, индивидуалниот пристап, се охрабрија младите да создадат мотивација, волја и инспирација за музика, кант-автори, инжинери на звук, инструменталисти и вокалисти, а воедно и храброст да ја следат својата интуиција при творењето, да дадат свој личен печат со цел да се спречат лошите трендови на копирање и плагијати..

На работилницата беа поставени музички инструменти и портабл (преносно) студио, каде присутните млади кант-автори и музичари присутни на работилницата имаа можност сами во пракса да видат дел од презентација како се работи на една песна од

самиот почеток, па се до финалната верзија, а исто така и самите пробаа да искреираат своја композиција со алатките кои беа на располагање (Преносно студио со компјутерски програм "Лоџик", звучна аудио карта, миксета и звучници.

Работилницата беше поддржана од Министерството за Култура.

Ris Flower огромна БЛАГОДАРНОСТ, те сакаме бескрајно!

9. Пролетни бакнежи, прегратки 2023

На 3 јуни 23та по 11ти пат традиционално се одржа националниот натпревар Пролетни, бакнежи, прегратки, со симболичка рамка Скуби Ду. Натпреварот се одржа во Градски парк, со поддршка на 28 волонтери каде повеќе од 150 извидници поминаа 10 контролни точки на кои имаа можност да се натпреваруваат и да ги покажат своите вештини кои ги стекнуваат за време на извидничката година. Им честитаме на сите екипи за нивната посветеност и натпреварувачки дух. Голема благодарност до одредите кои земаа учество на годинешните ПБП23: ИПО Галеб, ИПО Јадран, ИО ММ Брицо, ИПО Сидро и нашите другари извидници од Кичево ИО Мирко Милески, како и до родителите на извидниците од ПСИО кои како и секогаш ни ја даваат својата поддршка при организација и реализација на сите активности на одредот.

До следна дружба, Ве поздравуваме со извиднички поздрав,

БИДИ ПОДГОТВЕН!

Фамилија ПСИОвски

10. Рафтинг на река Вардар од Скопје до Велес

57км - 6 часа на вода за почист Вардар од Скопје до Велес. На ден 16.06.2023 се оддржа нашиот традиционален Рафтинг на реката Вардар, Екипата извидници Бојан, Иван и Кузе со поддршка на пријателите од Che Cafe Bar и Probike Skopje веслаа од Скопје до Велес. Сонце, ветер, дожд, топло-ладно не е битно, сите од срце веслаа и многу се забавуваа.

11. Отворен ден за пријателите на Извидниците Извиднички дом Чичко Боро, Мала река

На ден 24.06.2023 за наши родители на извидници, поддржувачи на Прв Скопски Извиднички Одред, наши драги соработници, донатори и спонзори, со огромна чест по втор пат го организиравме отворениот ден во Извидничкиот дом Чичко Боро во Мала Река. На овој настан нашите поддржувачи учествуваа во одлична дружба, музика и забава во дворот на нашето и ваше Шумско Домче.

Голема благодарност до сите што присуствуваа на на овој убав настан и се надеваме дека следната година ќе бидеме во поголем број.

До следно видување, Биди подготвен

12. Обележување на „Денот на независноста на Македонија“

На 08.09.2023 извидниците од ПСИО го обележаа денот на независноста на Македонија. Нема поубав ден за започнување на новата извидничка година. Во чест на нашата држава и денот на независност 8 Септември возевме велосипеди и ги спроведовме едни од најинтересните активности на нашите извидници. Биди подготвен!

13. Искачување на Водно – патролен состанок

Патролата Панди одлучи да го искористи убавото време и да го искачи Водно. Здравата храна и менталното здравје мора да одат по ФИЗИЧКАТА активност. За тоа се тука извидниците, но пред се нивните родители кои мора да ги охрабруваат децата да излезат наместо да кажат ок седи дома на телефон!

Оваа патрола извидници го искачи наше Водно храбро, но да признаеме и мачно

14. Завет Есенски Бивак 2023

На есенскиот бивак во Охрид својот извиднички Завет го дадоа уште шест наши членови и официјално ги добија своите први ПСИОвски марами. Тие дадоа чесен збор, дека ќе ја запознаат и сакаат својата татковина дека ќе ја прифатат духовната реалност и ќе го бараат нејзиното потполно значење, дека секогаш ќе им помагаат на луѓето, дека ќе живеат и работат по извидничките закони.

Извиднички Закони

1. На извидникот му е чест да му веруваат
2. Извидникот е корисен
3. Извидникот е добар другар
4. Извидникот е учтив
5. Извидникот е оптимист
6. Извидникот е верен и одговорен
7. Извидникот постојано учи и ги применува стекнатите знаења
8. Извидникот ја цени природата
9. Извидникот ги цени и развива духовните и културните вредности
10. Извидникот е чесен во мислите, зборовите и делата

Ви честитаме дечки, бидете секогаш горди на тоа што сте и подготвени за многу авантури заедно со фамилија ПСИОвски

15. Патролен состанок – Ноќ на Вештерките

Јатото Лалиња заедно со нивните водачи Иван и Александра беа на гости во The House кај нашите пријатели од Che Cafe Bar и имаа најкул состанок на тема Ноќ на вештерките.

16. Искачување на врв Љуботен

На ден 12.11.2023, Додека ние бевме на традиционалниот натпревар посветен на нашиот град, нашите Викса, Чаки и Зиков во чест на Град Скопје и родендените на Викса и Ања го искачија Љуботен.

Кога се сака, ништо не е тешко

17. Заеднички состанок со ИО Брицо

На 19.11.2023 бевме на гости и се дружевме со ИО Брицо, на состанокот учествуваа 20 извидници од двете патроли кој имаа за задача да направат палачинки. Сите си пројдоа одлично и правевме хаос во барака наречен извиднички лапачинки.

18. Посета на рудник Тораница

Денес [2.12.2023] со повеќе од 70 наши извидници бевме во посета на рудникот за олово и цинк Тораница, Крива Паланка. Концесионер на рудникот Тораница е фирмата ДПТ Булмак 2016.

Во рамки на посетата ја видовме јамата и возот со вагони руда, опремата за дупчење и товарање и транспорт. Исто така, видовме и поголем број на сипки, како и објекти за гравитациско спуштање на рудата. Имавме прилика и можност да го разгледаме погонот за подготовка на минерална суровина како и да се запизнаеме со процесот на флотација.

Сепак, оваа посета немаше да биде реализирана доколку не беше добрата соработка и одличниот прием од страна на инженерскиот тим од рудникот и нашиот денешен домаќин Денис Ѓоргиевски, рударски инженер за дупчење и минирање.

Огромна Благодарност до господинот Илија Горанов Илиев кој овозможи и ја даде целата поддршка за реализација на оваа едукативна и несекојдневна посета на рудник.

19. Гоблин Илегалец – Jurassic Park

На ден 16.12.2023 – Сабота, се одржа нашата традиционална акција за развигорци „Гоблин Илегалец“ која беше со тема „Jurassic Park“. Оваа извидничка акција ја организираа средношколците од „ПСИО Клуб“ кој во изминатите 2 месеца имаа низа работилници наменети за значењето на волонтерската работа, јакнење на капацитетите на младите, младински активизам преку промоција на волонтерството и како најдобро може да ги идентификуваме потребите на нашата заедница. На акцијата учествaa 50 извидници кој беа поделени во 13 екипи, а победници се екипите – Диносауруси со 3то место, Дино Мафија со 2ро место и Мечиња кој го освоија 1то место. Честитки до сите екипи и ПСИО Клуб кој организираа одлична акција.

Оваа акција е организирана како дел од нашиот проект Волонтерство - алатка за младински активизам.

20. Новогодишна забава за водачите на ПСИО

Традиционално фамилија ПСИОвски ја организираше предновогодишната Крчма каде сите водачи и Старешинство заедно ја испраќаме старата 2023г. и го прогласуваме Водачот на годината, една од најпрестижните наши признанија… оваа година нашиот Петар Ѓошев водач на јато Дионеи.

Петар годинава има волонтирано повеќе од 2000 часа, ги има посетено сите активности во организација на ПСИО, СИМ и другите одреди.

Честитки Ѓошка, заслужено и се надеваме ќе продолжиш со исто темпо и во 2024г.

Те сакаат твоите ПСИОвци!

## 2.2. Повеќедневни настани организирани од ПСИО

21. Зимски камп 13.01 – 17.01.2023

Во период од 13 до 17 јануари 2023. нашиот одред традиционално го организираше одредскиот зимски камп. Кампот го посетија 60тина членови на ПСИО од сите категории. Овој камп беше организиран на Плачковица, во планинарски дом Вртешка, кој нуди одлични можности за работа, располага со повеќе од 60 легла, огромна и добро опремена кујна, тоалети и секако атрактивна локација поготово за зимски денови.

Темата на кампот беше поврзана со животот на Ескимите, извидниците уживаа во голем број активности и игри како , градење теепее, ескимски олимписки игри, невозможна мисија, скриено богатство, изработување на ескимски наметки, познатата игра во тимови Capture the flag и многу слободни игри и време на воздух. Попладневните часови ги поминувавме во домот, користејќи ја големата просторија која одлично ни послужи за вежбање на ППЗ, декодер, глума, градење макети, изработка на woogle, Kahoot и др.
Пет дена исполнети со дружба и многу извиднички активности засекогаш ќе останат во нашите извиднички срца.
Овој камп, како и нашиот одред нема да биде тоа што е, без нашите водачи, млади волонтери кои своето слободно време несебично го даваат на извидничкото движење. Горди сме на вас: Кузе, Ангелина, Иван, Пеце, Петар, Викса, Ѓошев.

22. Тим Билдинг и Собрание на ПСИО

Во периодот од 03.03 – 05.03.2023 се оддржа тим билдинг за водачите на ПСИО се со цел зголемување на капацитетите за тимската работа се организираа активности за градење тим кои ќе придонесат да ги мотивираме нашите луѓе да работат заедно, да ги развијат своите силни страни и да ги решат сите слабости. Секоја вежба за градење тим ќе поттикнува соработка наместо конкуренција. Во меѓувреме успешно се спроведе Собрание на ПСИО каде што се усвоен годишниот извештај 2022 и програма 2023, се направија статутарни промени усогласени со СИМ како и избрани членови на надзорен одбор: Петар Ѓошев, Андреј Кузевски и Тодор Галевски. На овој викенд присуствуваа 13 членови од Советот на Водачи, како и 4 членови од Старешинството на ПСИО.

23. Пролетен бивак „Живот во природа 0 отпад“

Во периодот од 28.04 – 01.05.2023 се организираше Пролетен бивак - Живот во природа 0 отпад. Преку супер забавна симболочка рамка „Аватар последниот воздухопловец“, се обидовме да ги приближиме темите поврзани со глобалната акција 0 отпад. Максимално се потрудивме отпадот да се селектира, а дел реупотреби.
Како и на сите биваци и кампови се полагаа вештарства, имавме хајк до нашиот водопад, вежбавме пионерство и ориентација и секако имавме вечери покрај логорски исполнети со културно забавна програма.
Повеќе од 90 деца и млади - наши извидници поминаа четири дена исполнети со авантура и едукативни активности со симболичка рамка 0 отпад и како да и помогнеме на Земјата преку четирите основни елементи земја, вода, воздух и оган. Мора и да се пофалиме дека количината на отпад значително ја намаливме и од вообичаените 10 вреќи, си отидовме со само 4 вреќи отпад. Нашиот традиционален пролетен бивак воедно е и дел - активност 4 од нашиот проект Re-Food поддржан од GEF SGP in North Macedonia
Голема благодарност за поддршката и до нашите пријатели MAMA's - Macedonian Traditional Recipes и Vezë Sharri & Lecker и секако ЗОР Мала Река

24. Есенски бивак, Извиднички Центар Охрид

Во перодот од 20 до 23.10.2023 се оддржа традиционалниот есенски бивак на ПСИО. 70тина извидници од ПСИО присуствуваа на овогодинешниот есенски бивак во Извиднички центар Охрид.
Изгубените деца успешно ја пронајдоа Недојдија, ја спасија Ѕвончица и со помош на крокодилот го потонаа бродот на Капетан Кука! Покрај тоа новите членови кои посетуваат извиднички состаноци подолго од 3 месеци конечно го дадоа свечениот завет!
Полагавме и 4 извиднички вештарства па така оние кои успешно положија добија амблеми во:

- Извидништво
- Плетење
- Веслање
- Патни знаци

Сѐ на сѐ имавме прекрасен камп и со нетрпение го очекуваме следниот!

25. Работен викенд за ПСИО Клуб

Работен викенд за нашите средношколци. Во тек се низа работилници наменети за јакнење на капацитетите на младите, младински активизам преку промоција на волонтерството. Особено внимание обрнуваме на значењето на волонтерската работа, пресметување на волонтерско време и како најдобро може да ги идентификуваме потребите на нашата заедница.
Првата нивна задача е организација на настан за деца и млади од нашата општина.
Овој викенд е организиран како дел од нашиот проект Волонтерство - алатка за младински активизам, во рамки на проектот ,,Младите - агенти на промена” кој го спроведуваат Center for Intercultural Dialogue (CID) Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia и Центар за истражувања и анализи НОВУС / Center for research and analysis

## 2.3 Меѓународни активности посетени од ПСИО

26. Средба за планирање „Izvidzacki hod za bolji svjet“

Во период од 24.03 – 26.03.2023, Снеже и Бојан присуствуваа на првата активност од нашиот регионален проект IZVIĐAČKI HOD ZA BOLJI SVIJET. Организираа одлична размена, камп каде ќе се дружат извидници од ПСИО, ИО Феникс, извидници од Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија.

27. Младинска размена “Hate Speech Trough Art”

Нашата Сара Крајчевска повторно беше дел од младинска размена. Размената се одвиваше од 21-29 Април 2023год во Ретенег ( Австрија). Тематиката на проектот е доста актуела за денешницата односно “Hate Speech Trough Art”

28. “Izviđački hod za bolji svijet” Осјек, Хрватска

Нашето ПСИО комбе на ден 21.06.2023 пристигна во камп Копачево со 5мина извидници од ПСИО и 2 од Извиднички Одред Еквинокс – Штип каде се сретнаа со уште 40 извидници од Izviđački klub Javor OsijekHR, Savez izviđača Grada Zenica, Zenica, Bosna i Hercegovina BA, Извиднички одред Феникс, Прилеп, Odred Izviđača Plamen, Banovići, Bosna i Hercegovina, Odred Izviđača “Lola” Niš, Srbija RS, Odred Izviđača “Zelena Patrola„ Rajić, Hrvatska i Izviđački klub Eho Podgorica, Crna Gora ME.
Извидниците од регионот се дружеа и учеа нови вештини во период од 21 до 28 јуни и најважно од се стекнаа нови пријателства кои траат цел живот.
Општата цел на проектот е да се поддржи образовниот, професионалниот и личниот развој на луѓето во областа на неформално образование, обука, млади и спортот во Европа и пошироко преку доживотното учење, што придонесува за одржлив раст, квалитет на работните места, социјална кохезија, поттикнување на иновациите и зајакнување на европскиот идентитет и активно граѓанство. Општата цел на извидништвото е да влијае на развојот на животните вештини на секој поединец за да се развијат во способни, креативни луѓе, подготвени да си помогнат себеси и на другите,

кои знаат да донесуваат одлуки, кои разбираат, почитуваат и ценат, кои во текот на нивниот живот се надградуваат за да ги постигнат посакуваните цели.

29. 100 години од постоењето на „Кандерштаг Интернационален Извиднички Центар“

Нашите Ивана Манчевска и Петар Ѓошев заедно со Ина - ИПО Галеб во период од 27.07 – 08.08.2023 учествуваа заедно меѓу 1600 извидници во Кандерштег – за да го прослават 100тиот роденден на нашиот омилен Kandersteg International Scout Centre, Kander100 Jamboree.
Кандер 100 е Смотра што се случува еднаш во животот за млади луѓе од целиот свет и е врв на прославите на стогодишнината на Интернационалниот центар. Ова е Смотра што собра извидници и водичи од многу земји и региони во срцето на швајцарските Алпи.
Учесниците имаа можност да избираат помеѓу широк спектар на активности, вклучувајќи пешачење по Алпите, локални културни искуства, социјални кафулиња, едукативни работилници и многу повеќе!

30. World Scout Jamboree 2023 – South Korea

25-то Светско извидничко Џамбори се одржа од 1 до 12 август 2023 година, во SaeManGeum, Jeollabuk-do, Република Кореја. ПСИО го претставуваа 9 извидници и еден водач. На секои 4 години на светско ниво се одржува еден голем и значаен настан – светска извидничка смотра. Секоја се организира на различна локација со извидничка организација во улога на домаќин на овој настан. Камп местото опфаќаше површина од над 900км2 и на истото беа сместени 44000 извидници. Извидниците кои имаат од 14 до 18 години беа учесници и уживаа во следење на програмата додека оние над 18 години беа во улога на волонтери, координатори на програмски области, дел од тимовите за логистика, комуникации и менаџмент на контингентите.
Темата на годинашната смотра беше „Нацртајте го својот сон“,што ја изразува желбата членовите на Извидничкото движење да го трансформираат 25. Светски извиднички Џамбори во свој фестивал и да ги развијат своите соништа преку настанот.
За да бидеш квалификуван младински учесник на 25-то Светско извиднички Џамбори, мораше да сте родени помеѓу 22 јули 2005 и 31 јули 2009 година и да бидете водач на единицата или да бидете член на вашиот тим за управување со контингенти.
На оваа смотра имаше учесници од 155 земји, а контингентот на Сојуз на извидници на Македонија броеше 47 извидници, од кои 27 учесници со нивните тројца водачи формираа 3 патроли кои учествуваа во програмата, 15 волонтери беа вклучени во логистичката и програмска поддршка на кампот а, Елисавета Лукановска заедно со нејзиниот колега Влатко беа водачи на контингентот одговорни за подготовката на самата група, обезбедување на опрема, логистика околу патувањето, комуникација со родители и чинители, комуникација со организаторите и многу други одговорности.

31. Европски сили, Ловинац, Хрватска

Во периодот од 08.08.2023 до 22.08.2023 Нашите извидници учествуваа на двонеделна младинска размена во Ловинац, Хрватска. Нашиот Кузе заедно со извидниците од ИО Феникс и ИПО Сидро волонтираа две недели и имаа можност да бидат дел и помагаат во хрватската Шумска школа и Шумски цвет. Деновите им беа исполнети со обележување на стаза, шетање низ локалното место и им помагаа на луѓето од селото со дневните обврски. Се вратија полни со енергија и мотив да пренесат нови позитивни практики од Сојуз на Извидници на Хрватска.

32. Сплит, Хрватска – наводнување на расад на опожарено место

Во периодот од 24.08 до 03.09.2023, извидниците од ПСИО – Викса, Петар и Кузе заедно со извидниците од ИО Феникс, ИПО Јадран и ИПО Галеб присуствуваа на акцијата за наводнување на површини кој беа претходно пошумени од други извидници.
Изминатата недела волонтираа во Сплит, Хрватска и полеваа расад на терен каде минатата сезона се пошумуваше опожарено подрачје. Им благодариме на нашите пријатели извидниците од Хрватска за оваа одлична можност и соработка и секако ги очекуваме на дружба и општо корисна работа и кај нас.

## 2.4 Национални активности посетени од ПСИО

33. Крводарителска акција по повод 22 Февруари Денот на извидниците

Нашиот водач Бојан Ѓошев заедно со другите членови од извидничките одреди во Скопје присуствуваа на крводарителската акција по повод 22Фберуари, Денот на Извидниците.

34. Ноќен Хајк – осветли ја планината

На 18.02.2023, 5 водачи од нашиот одред присуствуваа на ноќниот хајк – осветли ја планината по повод денот на извидниците 22 февруари. Нашите водачи се искачуваа од полицијата до врв на водно каде што потоа на врвот во планинарското бачило имаше мала забава која беше организирана од страна на Сојузот на Извидници на Македонија. Можеме да кажеме дека оваа активност е една од поинтересните активности за нашите водачи.

35. Централна прослава за денот на извидниците 22 Февруари

Градот Прилеп со своите извидници од Извиднички одред Феникс - Прилеп беа домаќини на најмасовната досега прослава по повод Светскиот ден на извидниците која се оддржа во паркот на револуцијата – Могила на непобедените на ден 25.02.2023 . Повеќе од 400 извидници од цела држава беа дел од централната церемонија на Сојуз на извидници на Македонија.
Нашиот одред го претставуваа повеќе од 60 деца и млади кои уживаа во активностите и дел во свеченото давање извиднчки завет и примање на одредска марама.  Чест ни е што присуствуваме на овогодинешната централна прослава за Денот на извидниците!

36. Обука за развивање и пишување проектни апликации

На 02.03.2023 Ивана и Петар присуствуваа кај нашите догогодишни пријатели, соработници и партнери Центар за деца на улица присуствуваме на одлична обука за развивање и пишување проектни апликации, со што се стремиме кон градење на нашите капацитети за одржлива организација. Разговаравме за сегашните, но и идни соработки, искуства од работа со донатори, а пред се за нашата одлична соработка со и тековен проект Нула глад - нула отпад од о.Центар за о.Шуто Оризари – ReFood, финансиран од Програмата за мали грантови (ПМГ) на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ).

Огромна благодарност за Ирена од Центарот, како и до Игор кој имаше улога на фасилитатор и инструктор на настанот.

37. Златна Бубамара на Популарноста

На 16.03.2023 нашите извидници Ивана, Петар, Александра и Кузе присуствуваа на најпрославното шоу „26та Златна Бубамара на Популарноста". Како на Оскари ама боље, честитки Ранко наш, царско како секоја година.

38. Акција за пошумување „Боренка"

На ден 18.03.2023 Нашите членови беа дел од Боренка. Се дружевме, се смеевме и посадивме 1000 нови стебла. Да се биде дел од Боренка значи да се биде дел од иднината на нашата земја! Боренка, единствената боенка која враќа живот на нашите шуми.

39. Гостување во телевизиска емисија „Качамак"

На ден 19.03.2023, Сојуз на извидници на Македонија со своето членство од ИПО Галеб и ПСИО гостуваа на една поинаква емисија - познатата Качамак. Два часа исполнети со македонски фолклор, танци, традиционална кујна но и забава и смеа. Годинава нашиот Сојуз слави 70 години од своето формирање и секогаш ни е задоволство и чест да бидеме гости каде на поширoката јавност ќе им ја доловиме сликата за извидниците во Македонија.

40. Водени лудории 2023

На ден 19.06.2023 традиционално како цреша на нашата извидничка година нашите пријатели од ИПО Галеб ја организираа нивната акција Водени лудории 2023. 20 екипи од развигорци и извидници ја завршија својата мисија на натпреварот и ги положија тестовите за да станат жители на Атлантида. Преку грабни стапче во вода, игри со балони со вода, јазли во базен, полнење кофи со алатки за вода и други кул летни и водени активности учесниците поминаа прекрасен сончев ден на базен.

Освоивме две ПРВИ МЕСТА и во категорија развигорци и извидници како и едно трето Честитки до сите учесници, а најголема благодарност до нашите Галеби кои како и секоја година ни организираа ден и натпревар за паметење.

41. 13та Македонска Извидничка Смотра

Во периодот од 12ти до 21ви Јули се оддржуваше 13та Македонска Извидничка Смотра, овој уникатен настан оваа година се организираше под мотото „Достигни ги височините". Од ПСИО активно учествуваа 53 извидници. Целата смотра беше поделена на 6 тематски области, извидниците секој ден посетуваа нова тематска област. Првиот ден од програмските активности бевме на здравје и личен развој каде што имаше работилници за орално здравје , јога, медитација, сликарство, драма, пантомима, вториот ден отидовме на активност „Посети го Прилеп" каде децата беа на посета во фабриката за тутун, музејот на тутун и во аквапаркот, тематска област адреналин и авантура, тоа ни беше адреналинскиот парк и активности на езертот како суп даски, кајаци, рафтинг, чамци, веслање, имавме тематска област извидништво каде се посетуваа работилници за врзување чворови, видови огништа пионерство, градење објекти од дрво, тематска област беше и култура и традиција, тука учесниците учеа да прават пита, зелник, потоа да играат традиционални танци и ора, како тематска област беше и природа и цели за одржлив развој каде извидниците учествуваа на едукативни хајкови и нурнаа подлабоко во светот на природата и разумното користење на нејзините

ресурси. Ноќната програма ни беше резервирана со репертоар составен од „Суперхикс", диџеј Гоце САФ и „Day Off", културно-уметнички манифестации, талент-шоу и филмски вечери. Овие 10 дена, поминати во Крушево сите заедно живеевме, творевме, се забавувавме, заедно ги откривавме тајните на природата и учевме како да ја заштитиме, заедно учевме за националната култура и традиции, но подеднакво толку многу ги осознававме и оние околу нас. Создадовме интернационална средина која се темели на меѓусебно разбирање и почит, ги остававме стравовите зад нас и се впуштавме во нови, неоткриени авантури!

Во овие 10 дена, заедно ги достигнавме височините.

Искрена благодарност искажуваме до секој кој придонесе и помогна во реализацијата на оваа Смотра.

Биди подготвен.

42. XXXVII средби на извидници Велес 2023г

Нашите девојки Ања, Миа, Елена и Николина присуствуваа на XXXVII средби на извидници Велес 2023г во период од 08.09 – 10.09. Тие имаа можност да се натпреваруваат и да ги истакнат своите извиднички вештини како и да се дружат со сите останати учесници. Успешно реализирани XXXVII средби на извидници. Честитки до организаторите и сите екипи. До следна дружба, биди подготвен!

43. „Септемвриски извиднички средби"

Во периодот од 15-17 септември Извиднички Одред „Мирко Милески" ги организираа традиционалните „Септемвриски извиднички средби„. Оваа година тематиката на средбите беше да се посвети внимание на едни од најважните инсекти за природата – пчелите. ПСИО зема учество со 40 членови, кој во изминатите денови се натпреваруваа, дружеа и успеаа да освојат награди. Честитки за екипите:

"Фикуси" и "Миленичињата на Ања" кој ги освоија 2то и 3то место во категорија развигорци. Им честитаме и на домаќините за одличната организација, до следно видување.

Биди подготвен!

44. Средба на новите под грантисти на проектот „Млади - агенти на промената''

Во период од 29-30 септември 2023г. во хотел Илинден, Струмица се одржа средба на новите под грантисти на проектот „Млади - агенти на промената'' спроведуван од Центар за Интеркултурен Дијалог - Куманово, Сојуз на извидници на Македонија и Центар за истражувања и анализи - НОВУС - Струмица.

Целта на настанот беше градење на капацитетите за новите грантисти меѓу кои е и нашиот одред со проектот „Волонтерство – алатка за младински активизам" кој има за цел зајакнување на младинскиот активизам преку промоција на волонтерството кое раѓа потреба на младите да учествуваат во своите општества и градење на социјални односи кои се пак клучни за благосостојбата на поединецот и заедницата.

Претставници од ПСИО на овој настан беа Бојан Ѓошев, координатор на проектот и Андреј Кузевски, фасилитатор - волонтер при спроведување на дел од активностите.

45. Државен Извиднички Орентационен Натпревар

Во периодот од 08-10 октомври се одржа „Државниот извиднички орентационен натпревар“ кој беше организиран од страна на Сојузот на извидници на Македонија. На овој натпревар се собраа повеќе од 160 извидници од 13 одреди од Македонија, од ПСИО учествуваше една екипа, а нашите водачи Бојан, Викса, Кузе, Касија и Николина беа дел од волонтерскиот тим на СИМ. Благодарност до сите волонтери кои придонесоа за реализирање на ваквиот настан и честитки до победниците во сите категории и секако до сите 28 екипи кои учествуваа.

Биди подготвен

46. 70тиот роденден на Сојуз на Извидници на Македонија

На ден 04.11 (Сабота) извидниците од ПСИО го прославија 70тиот роденден на Сојуз на Извидници на Македонија, каде што вкупно 150 извидници меѓу кои и ПСИОвци свечено дадоа завет и успешно зачекорија во извидничкото движење. Честитаме на сите нови извидници, им посакуваме среќен роденден и уште многу дружби и убави моменти заедно.

47. Извидниците за Својот град

Нашите извидници учествуваа на традиционалната акција што ја организира ИО Браќа Миладиновци „Извидниците за Својот Град“. Сите извидници од Скопје и пошироко го обележија денот на ослободувањето на Скопје преку извидничка акција каде што учесниците имаа можност да се натпреваруваат, дружат и да научат нешто повеќе за нивниот град Скопје.

48. Боренка Пошумувње 13.11.2023

Нашите извидници беа дел од првата акција во сезона два на Боренка. Минатата недела ги завршивме сите подготвки за започнување на втората сезона на Боренка со кои ќе пошумуваме опожарени подрачја во три региони од земјава

49. Боренка Пошумување 17.11.2023

Повторно бевме дел од 2та акција во 2рата сезона на Боренка за пошумување опожарени подрачја каде засадивме 10000 садници со главните поБОРници на Боренка - Telekom MK.

Боренка единствената боенка која враќа боја на опожарени шумски подрачја - волонтерска акција во организација на Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia и ЈП Национални шуми во партнерство со прородата.

50. Боренка Пошумување 24.11.2023

[24.11.2023] БОРЕНКА

Нашите извидници повторно дел од пошумувањето на опожарено подрачје во близина на Берово.

Садиме 1 хектар површина со 3000 садници од видот црн бор.

Благодарност до нашите денешни волонтери, учениците од гимназиите од Берово и Пехчево, ЕУ за чист воздух UNOPS  нашите пријатели од ARNO Organization for Social Innovation

и извидниците од Извиднички Одред Еквинокс - Штип - Scout Group Equinox Shtip Извиднички Поречански Одред Јадран - Скопје И.О. Мирко Милески.

51. Новогодишен настан во Претседателската куќа

Денес, 13 извидници од организираа работилница во претседателскиот кабинет за правење на 3 видови авиончиња од хартија. На овој настан учествуваа повеќе од 70 деца и млади, кој се натпреваруваа во дисциплините - авион во далечина, авион кој може најдолго да издржи во воздух и авион со акробации.

Голема благодарност до нашиот Претседател Стево Пендаровски за овој прекрасен ден, кој разбуди многу предновогодишно насмевки и дружба.

Со извиднички поздрав

Биди подготвен!

## 3. Новости во ПСИО

Во новата 2023 година примивме 20 нови извидници кој се зачленија во јата и патроли и исто така имаме нови јата Желади и Сончогледи кои се предводени од нашите нови водачи Касија и Ана и од добро познатиот Бојан, од неодамна ни се споија двете јата Детелинки и Лотуси и како во секое демократко општество денес се гласаше за ново име на јатото. Нашите развигорци се одлучија да се викаат Дионеи (Dionaea muscipula) по најпознатото инсектојадно растение во светот кое се храни со инсекти и пајаци. Тоа е мало растение кое има помеѓу четири и седум лисја кои растат од кратко подземно стебло, а можат да пораснат и до 15 сантиметри. Во 2023 уште еден наш водач го доби својот тотем. Нашиот еден и единствен Бојан Ѓошев го доби извидничкиот тотем Вомбат – Wombat, единствено и уникатно искуство за кое… ништо повеќе не збориме. ПСИО на секои 2 години ја менува својата униформа/маица со тоа што оваа година па се до 2025 година официјалната боја е светло сина исто така долго ни требаше да се организираме но еве не, оваа година имаме нови дуксери и поларки но исто така годинава нашите извидници ја зголемија нивната извидничка колекција со нови летни кошули, чашка и шише за пиење вода.
Прв Скопски Извиднички Одред потпиша договор за проект со Глобален Еколошки Фонд - ГЕФ ПМГ. Со почетокот на 2023та година, а во период од 01.01.2023 до 31.01.2024 година започнавме со имплементација на проектотот „Нула глад – нула отпад од о.Центар за о.Шуто Оризари“ – ReFood кој цели за намалување количество на отпад на храна за околу 500кг. Воедно истата придонесе кон подобрување на човекови права. Проектот беше креиран и спроведуван од млади што резултира со нивна ангажираност, вклученост во изработка на една едукативна програма и промоција на истата на повеќе од 100 учесници. Добра практика – зголемена мобилност и одржливост на организацијата. Проектот го спроведуваа младите извидници од Прв Скопски Извиднички Одред, од Општина Центар во партнерство со Здружение на граѓани Заштита на правата на детето со локација во Општина Шуто Оризари.
Секој година традиционално, ние водачите на ПСИО кои неуморно своето слободно време го посветуваме на извидници се собираме предновогодишно да ја прославиме и заокружиме годината со прослава на која одбираме ВОДАЧ на годината. Не само оваа, туку од самиот почеток нашиот Пеатр е еден од ретките кои секогаш организира и спроведува најзабавни и едукативни состаноци за своето - веќе добро познато најбројно јато, на сите состаноци и активности јато Дионеи. Честитки Петар, остани каков што си, бидејќи ние те сакаме повеќе од сè, сега и секогаш!
Во 2023 го проширивме нашето Старешинство (Управен одбор) за нови два члена Златко Михајловски и Лазар Јаневски. Им посакуваме одлична работа, соработка и придонес кон раст и развој на ПСИО и извидништвото.

Оваа година ни донесе нови пријатели Електроинвест и Мелница Фурна Диме. Ви благодариме од дното на нашите извиднички срца за довербата и поддршката. Пријатели како Вас се реткост и се радуваме на заедничките планови и во новата 2024. Ви благодариме родители на извидници, пријатели и поддржувачи кои сте секогаш покрај нас, во добро и лошо.

Со извиднички поздрав,
Бидете подготвени!

## 4. ПСИО во Медиумите

| Бр. | Извор и наслов на веста | Кратка информација и линк | Датум |
|---|---|---|---|
| 1. | Канал 5<br><br>Гостување на Канал 5 по повод светскиот ден на извидниците. | Што значи да си извидник? Слушнете што има да каже нашата Снеже за тоа што прават извидниците, како обележуваат светскиот ден на извидниците и како ќе ги прослават 70те години од постоењето на Сојузот на извидници на Македонија.<br><br>линк | 22.02.2023 |
| 2. | Сител Телевизија<br><br>Извиднички приказни од Прв скопски извиднички одред. | Нашите извидници Миа, Ивана, Сергеј, Ангел, Каја и Давор утрово учествуваа на утринската програма на ТВ Сител каде што зборуваа за добрите дела што ги организираат по повод Светскиот ден на Извидниците.<br><br>линк | 16.03.2023 |
| 3. | ЛИЦЕВЛИЦЕ<br><br>Кул е да си извидник! Знаеш ли зошто? | Што имаат заедничко првиот човек што стапнал на Месечината, Нил Армстронг, „Битлсот“ Пол Макартни, режисерот Стивен Спилберг, нашата режисерка Тамара Котевска и моделката Катарина Ивановска ? Имавме спојлер во насловот, па лесно погодувате, нели. Да, сите тие ја носеле извидничката марама и биле дел од глобалното движење на извидниците. Целта на извидничкото движење е да придонесе во развојот на младите луѓе, во достигнувањето на нивните потполни физички, интелектуални, општествени и духовни можности како поединци, како одговорни граѓани и како | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | членови на нивните локални и национални заедници, како и меѓународната заедница.<br><br>ЛИНК | |
| 4. | ТВ Сител<br><br>Гостување во ТВ Емисијата Качамак | Денес Сојуз на извидници на Македонија - Scout Association of Macedonia со своето членство од ИПО Галеб и ПСИО гостуваа на една поинаква емисија - познатата Качамак. Два часа исполнети со македонски фолклор, танци, традиционална кујна но и забава и смеа. Годинава нашиот Сојуз слави 70 години од своето формирање и секогаш ни е задоволство и чест да бидеме гости каде на пошироката јавност ќе им ја доловиме сликата за извидниците во Македонија.<br><br>ЛИНК | 19.03.2023 |
| 5. | ТВ АЛФА<br><br>Извидничката униформа украсена со ПСИОвската марама на Златна Бубамара | Утрово непосредно пред нашата ПБП23 гостувавме кај нашите драги пријатели од ТВ Алфа. Заедно со наша Сара беа Андреа, Дамјан и Дарија каде разговараа за традиционалната акција што ја организира ПСИО „Пролетни,бакнежи и прегратки“ | 03.06.2023 |
| 6. | First Scout Unit Of Skopje<br><br>Што значи отпад од храна? SCOUTS for ReFood | Што значи отпад од храна? Погледнете што одговорија нашите развигорци од јато Лалиња на ова прашање. Ова е првото од четирите видеа кои ги снимивме со нашите членови на темата нула отпад нула глад од нашиот проект „Нула глад - нула отпад од о.Центар за о.Шуто Оризари“ – ReFood кој цели намалување количество на отпад на храна за околу 500кг.<br><br>ЛИНК | 15.09.2023 |
| 7. | TRN.MK<br><br>Најголем успех е што сега имаме извиднички дом – Шумско домче | Снежана Јанковиќ е извидник со стаж од 25 години и вели дека тоа и е една од најдобрите одлуки што ја донела. Таа беше дел од славното видео со малиот извидник Петар и ги бира бургерите на Давор и Бојан покрај грашокот. Снежана е национален координатор на најголемата волонтерска акција за пошумување опожарени подрачја, Боренка. Омилени извиднички домови и се извидничкиот дом Чичко Боро – Мала Река на | 21.10.2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Китка по нашки Шумско домче и втор и е светскиот извиднички центар во Кандерштег, Швајцарија.<br><br>линк | |
| 8. | First Scout Unit Of Skopje<br><br>Што прават рестораните за веселби со вишокот храна? SCOUTS for ReFood | Што прават рестораните за веселби со вишокот храна? Погледнете што одговорија нашите развигорци од јато Лалиња на ова прашање. Ова е второ од четирите видеа кои ги снимивме со нашите членови на темата нула отпад нула глад од нашиот проект „Нула глад - нула отпад од о.Центар за о.Шуто Оризари“ – ReFood кој успеа да намали повеќе од 500кг количество на отпад на храна.<br><br>линк | 12.07.2023 |

## 5. Структура и Волонтери во ПСИО

**Структура на Прв Скопски Извиднички Одред Старешина на одредот / Претседател**

Ивана Манчевска

Е-пошта: ivana.mancevska15@gmail.com / Поврзи се со Ивана Facebook

**Членови на Старешинство / Управен одбор**



**Началник на одред**

Виктор Гилев

Е-пошта: viksa_pestaloci@hotmail.com / Поврзи се со Виктор Facebook

Бојан Ѓошев

Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook

Волонтери во Прв Скопски Извиднички Одред

1. Демјан Анатоли Голубов / Е-пошта: demjan.a.golubov@gmail.com
2. Владимир Камбовски / Е-пошта: VKambovski001@gmail.com
3. Александра Радевски / Е-пошта: aleksandraradevski@gmail.com
4. Амелиа Георгиева / Е-пошта: ameliageorgievska@gmail.com
5. Ангел Спасовски / Е-пошта: spasovskiangel8@gmail.com
6. Андреј Кузевски / Е-пошта: andrejkuzevski5@gmail.com
7. Кристијан Китанов / Е-пошта: kitanovk@gmail.com
8. Петар Ѓошев / Е-пошта: gosevpetar@gmail.com
9. Петар Петровски / Е-пошта: petrovskip22@gmail.com
10. Мартина Тасева / Е-пошта: taseva.martina@yahoo.com
11. Сара Крајчевска / Е-пошта: sarakrajcevska0.@gmail.com
12. Ангелина Ефремова / Е-пошта: anngellinna.2003@gmail.com
13. Горјан Анѓушев / Е-пошта: angjush.gogo@gmail.com
14. Зоран Шиљковски / Е-пошта: zokisiljo@yahoo.com
15. Иван Велкоски / Е-пошта: ifcepifce@gmail.com
16. Снежана Јанковиќ / Е-пошта: snezepsio@hotmail.com

Извршна канцеларија / Координатор на проекти

Е-пошта: gosevbojan@gmail.com / Поврзи се со Бојан Facebook Instagram